**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Чучер-Сандево**
**Сашко Комненовиќ**

**ИЗГОТВУВАЧ:**
**Одделение за јавни дејности**

# ПРОГРАМА
# ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ И РЕВИТАЛИЗАЦИЈА ПО ЕЛИМИНИРАЊЕ НА КРИЗИ ЗА 2025 ГОДИНА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

Скопје, 2024 година

Врз основа на член 36 точка (1) став 15 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2022 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) а во врска со член 9 од Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21), Советот на општина Чучер Сандево на **47-та** седница одржана на **30.12.2024** година донесува

# ПРОГРАМА
## ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ И РЕВИТАЛИЗАЦИЈА ПО ЕЛИМИНИРАЊЕ НА КРИЗИ ЗА 2025 ГОДИНА

Заштитата и спасувањето подразбира и подготвеност за превземање на соодветни мерки и активности за заштита од природни и други непогоди и несреќи кои го загрозуваат животот и здравјето на луѓето и предизвикуваат големи материјали штети.

За организирањето на заштитата и спасувањето, особено внимание се посветува на навремена идентификација и процена на веродојатноста и интензитетот на ризиците и опасностите кои можат да ги загрозат граѓаните и материјалните добра; нагласеност на превентивната функција и превземање мерки за подготвенот на институциите заедницата и граѓаните, рационалност и ефикасност во искористување на ресурсите и капацитетите.

Но, покрај важноста на подготвенота за заштита и спасување, управување со кризи и одбрана, голема важност има и ревтализација на територијата по елиминирање на кризата.

За остварување на основната цел на оваа програма, превземање на активности за заштита и спасување, од урбанистичко технички мерки и хуманитарни мерки за заштита и спасување, предвидени се следните активности:

**<u>Активност 1</u>**

Делување на сили за гасење на пожари.
На почетни пожари во населено место, покрај засегнати и присутни граѓани, делуваат сили од ЈКП Скопска Црна Гора. Во случај на шумски пожар и во случај на пожар во населено место, силите на ЈКП делуваат со опремата со која располагаат и задолжени се да соработуваат со ТППЕ и да ги стават на располагање хидрантите со кои стопанисуваат.
Истите, се упатуваат на лице место по координација и проценка од лицето овластено од општина Чучер Сандево за заштита и спасување.
Потребни средства: 50.000,00 ден

**<u>Активност 2</u>**

Вежбовни активности како и подигање на важноста на вежбовни активности во училиштата на повисоко ниво.
Согласно законски обврски, училиштата организираат евакуација, но потребно е, важноста од вакви активности да биде ставена на повисоко ниво.
Потребни средства: 10.000,00

**Активност 3**

Редовно одржување на ПП апарати во административната зграда на Општината.

Во општинската зграда сместени се 6 ПП апарати. Четири од нив се полнење Ц9- сув прав додека еден е со полнење ЦО2-5. Редовно сервисирање е неопходно за нивна функционалност.

Потребни средства: 10.000,00

**Активност 4**

Набавка на заштитна опрема (маски, метли, елеци, ракавици).

Општината располага со опрема и тоа: 5 напретњачи, 6 метли, елеци. Набавка ќе се направи само доколку настанат оштетувања на веќе постоечката опрема како и при потреба од нивна обнова.

Потребни средства: 10.000,00

**Активност 5**

Комисија за процена на штети од елементарни непогоди при општина Чучер Сандево-надомест на трошоци за транспорт и дневници во случај на потреба за постапување.

Во случај на елементарна непогода од поголем размер, по поголем обем на пријави од оштетени граѓани, увид на лице место треба да изврши Комисијата.

Потребни средства: 10.000,00

**Активност 6**

По завршување на елементана непогода потребно е создавање на услови за нормален животот и работа на граѓаните.

Општината ќе пристапи кон нејзина ревитализација по престанок на криза/елементарна непогода. Ревитализацијата се однесува на расчисување и санирање на оштетувања на патни правци, паднати дрвја, столбови и сл.активности.

Во ревитализиацијата со човечки и материјални ресурси ќе се вклучат ЈКП а доколку се јави потреба и други физички и прани лица

Потребни средства: 20.000,00

Тековно, во 2025 година, Општината ги следат и проследуваат објавите на Министерства во врска со забрани за движење во шума, забрани за палење на оган на отворено и истите ги проследува преку соопштенија на фрекфентни места. Воедно, доколку се укажат можности, Општината ќе спроведува промотивни активности за подигање на свеста за потребите од заштита и спасување.

За реализација на предвидените активности согласно Програмата за заштита и спасување за 2025 година, финансирањето (110.000,00) ќе биде реализирано од Буџет на Општина Чучер Сандево за 2025 година.

Завршни одредби

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" а ќе се применува од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

**Бр.08-2212/16**
**30.12.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Сања Петрушевска**